*Јавно претпријатие за комунални*
*дејности „Комуналец“ Гевгелија*
*бр. 04-1545/3*
*19.11.2024 година*

Врз основа на член 37-н од Законот за јавните претпријатија (Сл. в. на РМ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25,/2015, 129/2015, 61/2015,39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Сл. в. на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 27 од Статутот на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и врз основа Правилникот за систематизација на работни места во ЈПКД Комуналец Гевгелија бр.01-700/2 од 2019 година со Правилници за измена на Правилникот за систематизација на работни места од 04.05.2022 година и од 31.05.2024 година и член 2 од Правилникот за начинот на унапредување на давателите на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија, формата и содржината на интерниот оглас бр. 01-1765/2 од 18.11.2019 година, ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија на ден 19.11.2024 година објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС 04/2024**
**за унапредување на даватели на јавни услуги**

За пополнување на слободно работно место:

- **Раководител на сектор за комунална хигена**, со шифра КДР 03 05 А01 012 во 3.0.0 Сектор за комунална хигена - 1 (еден) извршител;

**Опис на работното место**: Раководење, организирање и координирање на работата со следење на текот на извршување на работите.

**Посебни услови**:
- Најмалку ниво на квалификација IV, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/I степен – Земјоделски и ветеринарни науки – Земјоделство, шумарство и рибарство,
- најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две година на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда.

**Општи услови**
- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место.
- да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатите доставуваат **пријава** која треба да содржи:
1. Лични податоци на кандидатот;
2. Податоци за исполнување на општите услови;
3. Податоци за исполнување на посебните услови;
4. **Изјава,** под материјална и кривична одговорност, за потврда дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот;

5. Докази за исполнување на општите и посебните услови:
   - уверение за државјанство не постаро од 6 месеци;
   - извод од матична книга на родените;
   - доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
   - доказ за општа здравствена способност за работното место;
   - диплома за завршено соодветно образование;
   - потврда за работно искуство, доколку е потребно за работното место;
   - потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, доколку е потребно за работното место.
6. Дата на пријавување и потпис на кандидатот.

На интерниот оглас можат да се пријават сите вработени од претпријатието кои ги исполнуваат општите и посебните услови пропишани за соодветното работно место.

Давателот на јавна услуга може да биде унапреден на работно место со повисоко ниво доколку поминал минимум шест месеци на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас и да не му е изречена дисциплинска мерка во период од дванаесет месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата, се дисквалификува од натамошна постапка.

Постапката за селекција за унапредување на кандидати за работните места се состои од две фази: проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во огласот заедно со проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот за работните места трае 5 (пет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласната табла на претпријатието и на веб страната на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија.

Пријавата за унапредување е достапна на интернет страната
**https://komunalecgevgelija.mk/podnesi baranje/.**

Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува општите и посебните услови може да ја достави својата пријава, со приложени потребни докази и документи, лично, на архива на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија или препорачано по пошта на адреса ул. „7ми Ноември“ бр. 50, 1480 Гевгелија, со назнака **„за интерен оглас 04/2024”**.

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија
Директор,
Раско Чочков

Јавно претпријатие ... КОМУНАЛЕЦ Гевгелија